БРАКОТ И СЕМЕЈСТВОТО

Старец Пајсиј и Старец Порфириј

ikona

Единствена животна вредност е семејството. Кога ќе пропадне семејството, ќе пропадне сè, и свештенството и монаштвото. Кога ќе пропадне семејството ќе пропадне и светот.

Старец Пајсиј Светогорец

Неопходен услов за создавање на цврсто христијанско семејство е, идните сопружници да најдат добар духовник. Духовникот ќе ја игра улогата на одбран судија внимавајќи да не се јавуваат раздори во семејството. Кога сопружниците не можат да се усогласат, ќе појдат кај духовникот, надевајќи се во Бога. Ако не е така, семејството ќе се разори: откако ќе се вплеткаат родителите на жената и родителите на мажот, трудејќи се да истраат секој на своето, го уништуваат семејството.

Кога сопатниците ќе се согласат да имаат духовен раководител, тогаш во семејството нема да доаѓа до толку заплеткани ситуации.

За да може да напредува, на брачниот пар му е потребен заеднички духовник. Тој наликува на дрводелец што сака да склопи две парчиња дрво: откако ќе ги изделка нерамните, ги струга парчињата, ги израмнува и потоа ги спојува. И воопшто, подобро е сите

членови на семејството да имаат ист духовник, кој, знаејќи ги проблемите на семејството, ќе може да му дава соодветен правец.

На брачниот пар може да му помогне единствено тоа, ниту еден од нив да не бара оправдание за себеси. Ако бараат оправдување за себе, колку духовни книги и да прочитаат, нема да имаат никакава полза од нив. Ако имаат добра волја, ако имаат духовник и ако го слушаат, нема да имаат проблеми. Не се може без духовен надзор. Најдобро е брачниот пар да има заеднички духовник. Не е добро жената да има еден духовник, а мажот друг. Две парчиња дрво, ако ги обработуваат двајца дрводелци, секој од нив по свое наоѓање, никогаш нема да можат да се склопат. Меѓутоа, ако имаат ист духовник, тој ги струга нерамнините (недостатоците) на едниот, ги ублажува и недостатоците на другиот и така се намалуваат проблемите.

Но, денес, дури и брачните парови што живеат духовен живот имаат различни духовници. Многу ретко двајцата имаат ист духовник, затоа и не добиваат помош. Притоа мислам на брачните парови коишто се сложувале, но немале заеднички духовник за да им помогне, па се разделиле. А некои други, коишто не се разбирале, бидејќи имале ист духовник, почнале да живеат во хармонија.

Најдобро е, се разбира, кога целото семејство има ист духовник. Тој сите ќе ги сослуша и согласно со тоа ќе ги решава проблемите.

+ + +

Една жена не трпела во својот дом ни темјан ни запалени кандила. Нејзиниот маж, пак, иако жената негодувала, останувал на своето и често палел кандило. Во куќата настанала целосно неподнослива состојба: никој не сакал да попушти.

Тогаш мажот му се обратил на старецот и му ја изнел својата мака.

Старецот му рекол:

- Смири се, благословен, твојата жена не е нималку демоноопседната, како што тебе ти се чини, само затоа што не поднесува темјан. Таа го прави тоа за инает на тебе, а и не знае ништо за тие работи. Од денес немој да кадиш со темјан и не пали кандила, за жена ти да не се онерасположува, а јас ќе се помолам за вас!

Мажот се вратил дома и, не зборувајќи за тоа, престанал да го пали кандилото и да кади. По неколку дена, много се изненадил кога видел дека во куќата гори кандило и мириса темјан.

Така, со своите молитви, старецот им помогнал на сопружниците и во семејството повторно зацарила тишина и љубов.

+ + +

Некои млади луѓе го прашале старецот:

- Оче, ние сакаме да стапиме во брак, што мислите вие за тоа?

- Ако имате духовен судија и ако го слушате во сè, а така се отстрануваат сите разлики, тогаш венчајте се колку што можете порано, молејќи се да не влезете во телесна врска пред бракот.

+ + +

- Доаѓа главата на семејството, ме фаќа за раце и ми вели дека неговата сопруга е лоша во секој поглед, дека му се обраќа на таков и таков начин, со еден збор, ми го зборува сето она што му го дошепнала неговата темна помисла. Тогаш започнувам да ја правдам неговата сопруга. На крајот, му велам дека треба да го слави Бога што му дал таква жена и дека баш тој, главата на семејството, е причината што љубовта си заминала од нив. Повторно и повторно, го враќам кон љубовта, убедувајќи го дека тој самиот е виновен и дека е најважно да ги отфрли лошите помисли.

Истото го правам и кога доаѓа неговата жена. Ја критикувам и неа, и еве - и двајцата

ги исправаат своите лоши помисли упатени кон другиот и одново се враќа љубовта.

Ме сфаќаат, се разбира, и мене, којшто ги критикував, затоа што гледаат дека мојата цел била да ја обновам љубовта во нив.

+ + +

Труди се, колку што е можно, кон својата сопруга да се однесуваш духовно, за меѓу вас да има љубов и меѓусебно разбирање. Стреми се кон тоа и во односот кон децата. Човекот што е навистина духовен има обичај да попушта, како што вели св. апостол Павле: *Еден спрема друг бидете љубезни, со братска љубов, натпреварувајте се во почитувањето еден кон друг* (Рим. 12, 10).

+ + +

Тоа што жената го задржува своето презиме е почеток на нескладноста во христијанското семејство и почеток на разидувањата. Основата (поредокот) што Бог му ја дал на семејството се губи и почнува збрка: едно дете го зема мајчиното презиме, друго татковото и заминува!

+ + +

Во животот, па така и во семејниот, луѓето можат да се поделат во две категории.

Луѓето од едната категорија, личат на муви. Мувата има една особеност, секогаш да се спушта на нечисто, пролетувајќи покрај мирисните цвеќиња. Така, категоријата луѓе што се слични на мувите, научила да го бара и да мисли само на злото, не познавајќи го и не барајќи го никогаш доброто.

Другата категорија луѓе личат на пчели. Особеност на пчелата е да го наоѓа убавото и слаткото и да се спушта на него, одминувајќи го она што е нечисто. Таквите луѓе имаат добри мисли, го гледаат доброто и мислат само на доброто.

На сите што се навикнале постојано да ги осудуваат другите, па и својот сопатник, им предлагам да размислат во која категорија сакаат да се најдат и, на соодветен начин, да одредат во која од овие две категории припаѓаат луѓето што тие ги осудуваат.

+ + +

Ме прашуваш за сопружничките односи на женетите свештеници и на христијаните во светот.

Зошто светите отци не даваат сосема одредени правила? Тоа значи дека постои нешто неодредиво, оти не можат сите луѓе да живеат по еден шаблон. Отците многу ѝ препуштаат на нашата разборитост, на духовното чувство, на можностите и на трудот.

За да бидам поразбирлив, ќе наведам неколку примери од животот на женети свештеници и верници што сѐ уште се живи и коишто ги познавам. Меѓу нив има и такви што, откако склопиле брак, родиле едно, две или три деца, а потоа продолжиле да живеат во чистота. Други стапуваат во брачна интимност (блискост) само во времето на раѓање деца, а во останатото време живеат како брат и сестра. Други се воздржуваат од брачни односи само во текот на постите, а во останатото време имаат брачни односи. Некои не успеваат ни тоа да го исполнат. Има такви што општат во средината на неделата, за да бидат во чистота три дена пред божествената Евхаристија и три дена по божествената Евхаристија. Некои и овде се сопнуваат, и со тој повод, Христос, откако им се јави на апостолите по воскресението им рече: *Како што Ме прати Отецот, така и Јас ве праќам… Примете Дух Свети! На кои ќе им ги простите гревовите, ќе им се простат, а на кои ќе им ги задржите, ќе им се задржат* (Јован 20, 21-23).

Целта е секој да се подвизува со расудување и грижливост, во согласност со своите духовни сили.

Во почетокот, се разбира, младоста пречи, но со времето плотта слабее, а духот се осилува па и оженетите почнуваат по малку да предвкусуваат од божествените сладости.

Тогаш луѓето, веќе по природен пат, се одвратуваат од телесните задоволства, коишто, во нивните очи, стануваат ништожни.

Ете, така се подвизуваат оженетите, тие стигнуваат до рајот одејќи по зарамнет, заобиколен пат, а монасите, истовремено, се искачуваат кон рајот, јазејќи се по карпи и искачувајќи се на врвови.

Треба да имаш предвид дека проблемот на брачните односи не е само твој проблем и дека ти немаш право да ги регулираш сам. Тоа го можеш само во заемна согласност, како што заповеда апостол Павле: *Не одделувајте се еден од друг, освен по договор за некое време, за да постите и да Му се молите на Бога, и пак состанете се за да не ве искуша сатаната, поради вашето невоздржување* (IКор.7,5). Кога тоа го правите со заемна согласност, пак е потребна молитва. И силниот мора да се стави во положбата на слабиот. Често се случува едната половина да се согласи на воздржување, само за да не ја повреди другата, но однатре се мачи. Тоа најчесто се случува со оние жени што имаат помалку страв Божји, а поживо тело.

Понекогаш, некои благочестиви мажи, слушајќи од своите жени зборови на согласност, од неразборитост го продолжуваат периодот на воздржување и тогаш жените патат, стануваат нервозни итн. Мажите

мислат дека нивните жени зајакнале во доблеста и сакаат да живеат почисто, стапувајќи во односи по подолги периоди, и поради тоа жените влегуваат во искушение и се обидуваат да се соживеат со кој било. И, кога ќе се случи пад, ги мачи грижа на совеста. Но, мажите, како и порано, се трудат да живеат почисто, иако гледаат дека жените не се расположени за тоа. На тој начин, мажите се во заблуда кога сметаат дека жените духовно возрастуваат и дека веќе не го сакаат она што е телесно…

Од големо значење е тоа колку сопружниците се слични по физичкиот состав. Кога едниот е кроток и болежлив, а другиот е многу жив, посилниот треба да се принесува себеси на жртва пред послабиот. И постепено слабиот ќе оздрави со помош на силниот и кога обајцата ќе бидат здрави, ќе можат да се движат напред.

Како што реков на почетокот, за осветување на сопружниците е потребна разборитост, грижливост и подвиг. Мислам дека не е добро да се влегува во брак само заради пиење, јадење, спиење и заради телесни задоволства, оти сето тоа е телесно, а човекот не е само тело туку и дух. Телото треба да ѝ помага во осветувањето, а не да ја разорува душата. Бог го гледа трудот на секој христијанин, ја знае силата што Тој му ја дал

на христијанинот и бара одговор во склад со тоа.

+ + +

Многу сопружници често се жалат еден на друг, т.е. не можат во големите семејни тешкотии да го распознаат добриот Божји план. На пример, еден се жали на барањата на жена си, а таа пак, на гневливоста на мажот. Кога на старецот му обратија внимание на тоа, тој насмевнувајќи се одговори:

- Е па, деца, Бог знае подобро од нас како да ја работи својата работа. Ако, на пример, мажот е **тежок**, тогаш Бог уредува сопругата да биде мека по карактер, за да не доаѓаат во судир.

+ + +

Некое момче го прашало старецот:

- Оче, ќе најдам ли добра девојка, та радосно да се оженам?

Старецот, смешкајќи се, одговори:

- Ако сите најдат добри девојки, што да се прави со останатите?

+ + +

Децата треба многу да внимаваат на почитта кон своите родители.